Врз основа на член 22 став 1 алинеа 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 20 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.199/14 и 44/15) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Службен гласник на општината Крива Паланка“ бр.8/2010), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на 12.11.2015 година., донесе

**П Р О Г Р А М А**

**За изработка на урбанистички планови и локални урбанистички плански документациии во општината Крива Паланка за 2016 год.**

Годишната програма за изработка на урбанистички планови и локални урбанистички плански документации претставува своевидна рамка на приоритетите во областа на урбаното живеење, а пред се таа е произлезена од потребите и проблемите на локалната заедница, како и развојната стратегија на општината Крива Паланка.

Навременото донесување на планска документација за потребите на урбаното и руралното подрачје е неопходно и приоритетно во развојниот процес на општината Крива Паланка. Во спротивно се иницираат и создаваат низа урбани и социјално-економски негативни последици врз целокупниот живот на заедницата.

**I. Преглед на урбанистички планови кои се во фаза на изработка и донесување:**

- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 1-Д;
- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 4-А;
- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 6-А;
- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 6-Б;
- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 7-А;
- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 7-Б;
- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 9-А;
- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 10-А;
- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 10-Д;
- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 12-Б;
- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 13-А.

Горенаведените урбани блокови се со следните опфати и површини:

- **ДУП за урбан блок 1-Д**

Границата започнува од вливот на долот во спротивска маала во Крива Река, оди кон североисток узводно по течението на Крива Река, доаѓа до границата со К.О. дреење, оди кон север по границата и доаѓа до трасата на железниќката пруга кон југозапад и оди покрај трасата на железничката пруга и доаѓа до долот во спротивска маала кон југоисток и оди низводно по долот и доаѓа до вливот на долот во Крива Река.

Површината на овој опфат изнесува 16,19 ха.

- **ДУП за урбан блок 4-А**

Границата започнува од вливот на Дурачка Река во Крива Река и се движи узводно по Дурачка Река, доаѓа до к.п.бр.1759 и к.п.бр.1760 и свртува по границата на парцелата и излегува на ул.„8-ми Октомври“, преминува преку улицата и доаѓа на кракот на ул.„8-ми Октомври (кај скалите), продолжува по кракот на ул.„8-ми Октомври“ и доаѓа до ул.„Калин Камен“, продолжува по оваа улица и излегува на ул.„Св. Јоаким Осоговски“ (пред тениското игралиште), свртува кон запад и оди по улицата и доаѓа до „Осички мост“ каде што излегува кај Крива Река, се движи по течението на Крива Река и доаѓа до вливот на Дурачка Река во Крива Река.

Површината на опфатот изнесува 11,67 ха.

- **ДУП за урбан блок 6-А**

Границата започнува од вливот на долот Нимулија во Крива Река и се движи узводно по долот Нимулија и доаѓа до мостот на ул.„Св. Јоаким Осоговски“(нов крак), потоа свртува по ул.„Св. Јоаким Осоговски“ (нов крак) кон североисток и оди по улицата до Соларски мост каде што свртува по Дурачка Река и оди низводно по реката до вливот на Дурачка Река во Крива Река од каде што продолжува по течението на Крива Река до вливот на долот Нимулија во Крива Река.

Површината на опфатот изнесува 3,29 ха.

- **ДУП за урбан блок 6-Б**

Границата започнува од мостот на долот Нимулија и ул.„Св. Јоаким Осоговски“ (нов крак) и се движи узводно по долот Нимулија и доаѓа до границата на опфатот на Генералниот урбанистички план, свртува кон север и оди по границата на ГУП-от и доаѓа

до ул.„11-ти Октомври“, свртува кон северозапад и оди по ул.„11-ти Октомври“ и доаѓа до „Соларски мост“ каде што свртува кон југ и се движи по ул.„Св. Јоаким Осоговски“ и доаѓа до мостот на долот Нимулија.

Површината на опфатот изнесува 6,49 ха.

- **ДУП за урбан блок 7-А**

Границата започнува од вливот на долот „Единство“ во Крива Река и се движи узводно по долот и доаѓа до мостот на долот и ул.„Св. Јоаким Осоговски“, поминува преку улицата и оди по границата со нас. „Единство“ и доаѓа до ул.„Пиринска“ кај „ловечки дом“ каде што свртува кон исток и доаѓа до ул.„Св. Јоаким Осоговски“, продолжува по улицата кон североисток и доаѓа до новиот крак и излегува на мостот со мостот Нимулија каде што свртува низводно по долот и доаѓа до вливот на долот Нимулија во Крива Река, свртува низводно и оди по коритото на Крива Река и доаѓа до вливот на долот „Единство“ во крива Река.

Површината на опфатот изнесува 7,62 ха.

- **ДУП за урбан блок 7-Б**

Границата започнува од крстосницата на ул.„Св. Јоаким Осоговски“ со ул.„Пиринска“ и оди по ул.„Пиринска“ и доаѓа до границата со урбан блок 19-Б (зелен појас кај ловечки дом), се движи кон исток по границата и доаѓа до долот „Нимулија“, свртува по долот низводно и доаѓа до мостот со ул.„Св. Јоаким Осоговски“ (нов крак), свртува кон југозапад и оди по ул.„Св. Јоаким Осоговски“ и доаѓа до крстосницата со ул.„Пиринска“.

Површината на опфатот изнесува 4,39 ха.

- **ДУП за урбан блок 9-А**

Границата започнува од вливот на долот кај житен склад во Крива Река и се движи узводно по долот и доаѓа до крстосницата на ул.„Осоговска“ со ул.„Гоце Делчев’, свртува кон исток и оди по ул.„Гоце Делчев“ и доаѓа до урбан блок 8 до нас. „Единство“ и оди по границата и доаѓа до долот „Единство“, свртува кон север и оди низводно по долот до вливот во Крива Река каде што свртува кон запад по течението на Крива Река и доаѓа до вливот на долот кај житен склад во Крива Река.

Површината на опфатот изнесува 8,94 ха.

- **ДУП за урбан блок 10-А**

Границата започнува од вливот на долот „Скрљавски дол“ во Крива Река и оди кон југ узводно по долот и доаѓа до ул„Св. Јоаким Осоговски“, свртува кон исток и оди по ул.„Св. Јоаким Осоговски“ и доаѓа до долот кај житен склад каде што свртува кон север и оди по течението на долот до вливот на долот во Крива Река каде што свртува кон запад и оди по течението на Крива Река и доаѓа до вливот на „Скрљавски дол“ во Крива Река.

Површината на опфатот изнесува 11,89 ха.

- **ДУП за урбан блок 10-Д**

Границата започнува од улицата „Вера Јоциќ“ и оди кон североисток по границата помеѓу к.п.бр.4321 и к.п.бр.4270 и доаѓа до границата со опфатот на постојниот опфат на ДУП во населба Илинден, свртува кон исток и оди по границата на опфатот на ДУП-от и доаѓа до долот на Житен склад ( крак на ул.„Осоговска“), свртува кон југ и оди узводно по долот и доаѓа до границата со К.О. Мартиница каде што свртува кон северозапад и доаѓа до улицата „Вера Јоциќ“, свртува кон север и оди по улицата и доаѓа до почетната точка.

Површината на овој опфат изнесува 8,03 ха.

- **ДУП за урбан блок 12-Б**

Границата започнува од мостот на долот „Мини дол“ и магистралната улица, оди кон југозапад и доаѓа до крстосницата на магистралната улица со ул.„Св. Јоаким Осоговски“, поминува преку раскрсницата и доаѓа до ул.„Кочо Рацин“ каде што свртува кон исток и доаѓа до „Мини дол“ во нас. Белево, свртува кон северозапад и оди низводно по течението на долот и доаѓа до мостот со магистралната улица.

Површината на опфатот изнесува 6,14 ха.

- **ДУП за урбан блок 13-А**

Границата започнува од вливот на долот кај фудбалското игралиште во Грамаѓе и оди кон југ узводно по долот и доаѓа до мостот кај „Малиново лојзе“ со магистралната улица, свртува кон исток по магистралната улица и доаѓа до мостот пред кафеана „Борче“ каде што свртува на запад и доаѓа до вливот на долот во Крива Река.

Површината на овој опфат изнесува 5,89 ха.

**Покрај горенаведените Детални урбанистички планови во фаза на изработка и донесување се следните урбанистички планови**:

- Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти од времено сместување А4 во К.О. Кркља на место викано „Дервен“;
- Урбанистички план вон населено место за изградба на викенд населба во К.О. Кркља и К.О. Костур место викано „кај ловечка куќа“;
- Урбанистички план вон населено место за изградба на викенд населба во К.О. Кркља место викано „Мандра“;
- Урбанистички план вон населено место за Граничен премин „Деве Баир“, место викано „Равна Нива“ во К.О. Узем.

**II. Преглед на локални урбанистички плански документации кои се во фаза на изработка и донесување:**

- Изработка и донесување на ЛУПД за изградба на старски дом на дел од к.п.бр.6528 во К.О. Конопница, Општина Крива Паланка;
- Изработка и донесување на ЛУПД за машинска зграда за МХЕЦ „Станечка Река 1“, на к.п.бр.465; к.п.бр.466; к.п.бр.468 и к.п.бр.469 во К.О. Станци, Општина Крива Паланка<
- Изработка и донесување на ЛУПД со намена В5-верски институции за изградба на црква на к.п.бр.3722 во м.в.„Гражанци“ во К.О. Конопница во општината Крива Паланка;

**III Изработка и донесување на општи акти за начинот и условите за изградба на објекти во населени места за кои нема урбанистичка документација**

Во фаза на изработка и донесување се општи акти за следните населени места: Баштево, Борово, Б“с, Варовиште, Градец, Габар, Голема Црцорија, Добровница, Дурачка Река, Дрење, Дренак, Длабочица, Жидилово, Киселица, Кошари, Костур, Кркља, Крстов Дол, Лозаново, Луке, Мождивњак, Мартиница, Мала Црцорија, Метежево, Нерав, Огут, Осиче, Станци, Трново, Тлминци и Узем.

**III. Урбанистички планови за кои треба да започне изработка и донесување:**

- Генерален урбанистички план за Крива Паланка за површина од 615,оо ха;
- Детален урбанистички план за Крива Паланка (десен брег) кој ги опфаќа урбан блок 1, урбан блок 2, урбан блок 14, урбан блок 15, урбан блок 16, урбан блок 17 и урбан блок 18.

Површината на овој опфат изнесува 234,оо ха.

Генералниот урбанистички план за Крива Паланка и ДУП за Крива Паланка (десен брег) ќе се изработуваат во колку влезат во програмата на Владата на РМ и до колку финансирањето се обезбеди од Буџетот на Владата на Република Македонија.

- Изработка и донесување на ДУП за урбан блок 13-В чија граница започнува од мостот на долот до бензинската пумпа на „Макоил“ и магистралната улица, оди кон југ узводно по долот и доаѓа до улицата „Пролетерска“ која всушност е граница на опфатот на ГУП-от и оди по границата на ГУП-от и доаѓа до долот над кафеана „Борче“, свртува кон север и оди низводно по долот и доаѓа до мостот на долот со магистралната улица, свртува кон запад и оди по магистралната улица и доаѓа до мостот кај бензинската пумпа.

Површината на овој опфат изнесува 7,01 ха.

- Изработка и донесување на урбанистички план вон населено место за изградба на викенд населба на место викано „Бари“ во К.О. Дренак.

**V. Изработка на локална урбанистичка планска документација**

- Локалната урбанистичка планска документација ќе се изработува на одорена иницијатива на правно или физичко лице за градот Крива Паланка каде што нема ДУП и за останатите населени места во општината Крива Паланка за кои нема урбанистички планови;

-Границата и содржината на урбанистичките планови и локалната урбанистичка планска документација се утврдуваат со планска програма.

- За изработка на локална урбанистичка планска документација за објекти од интерес на општината Крива Паланка ќе се донесува Одлука за утврдување на потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација.

**VI. Финансирање на изработка и донесување на урбанистички планови**

- За изработка и донесување на Деталните урбанистички планови дадени во глава I на оваа програма, потоа Урбанистичкиот план вон населено место за изградба на викенд населба во К.О. Кркља на место викано „Мандра“ и на место викано „кај ловечка куќа“, Урбанистички план вон населено место за изградба на викенд населба на место викано „Бари“ во К.О. „Дренак“, локалните урбанистички плански документации од глава II

на оваа програма и општите акти од глава III на оваа програма потребни се средства во износ од 3.650.000,оо денари. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на општината Крива Паланка.

- За изработка на ГУП за Крива Паланка за површина од 615,оо ха потребни се средства во износ од 3.850.000,оо денари. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на Владата на Република Македонија.
- За изработка на Детален урбанистички план за Крива Паланка (десен брег) за површина од 234,оо ха и за Урбанистичкиот план вон населено место за изградба на Граничен премин „Деве Баир“ потребни се средства во износ од 6.100.000,оо денари. Средствата ќе се обезбедат од буџетот на Владата на Република Македонија.

- За изработка на Деталните урбанистички планови за урбан блок 13-А и урбан блок 13-В потребни се средства во износ од 350.000,оо денари. Средствата ќе ги обезбедат заинтересираните правни и физички лица.

**Бр. 09-2975/49** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**12.11.2015 год.** **Претседател**
**Крива Паланка** **м-р Борче Стојчевски**